| ПРОЧИСТУВАЊЕ | 0,00 | | | | | | | | |
| ВКУПНО : | | | | | | | | | |
| *СЕ ВКУПНО 1+2* | | | | | | 0,00 | | 0,00 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно изградено меки патишта во 2015 год. | км. | 117,10 | денари : | 26.867.687 |
| Вкупно реконструкција на патишта во 2015 год. | км. | 435,25 | денари : | 14.405.064 |
| Вкупно прочистување на патишта во 2015 год. | км. | 1.654,30 | денари : | 25.199.343 |
| * Се вкупно : | км. | 2.206,65 | денари : | 66.472.094 |

Извор на податоци: Сектор за управување со шумско земјиште, шумска инфраструктура и механизација

## 2.1. ПРЕГЛЕД НА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ПАТИШТА (СПОРЕДБА 2015/ 2014 год.)

### 1. СО СОПСТВЕНА МЕХАНИЗАЦИЈА

Табела 7а

| ВИД НА ШУМСКОКАМИОНСКИ ПАТ | 2014 год. | | | 2015 год. | | | И Н Д Е К С 2015/2014 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно изградено во 2014г. | Средна цена на чинење на 1км. | Вкупни трошоци | Вкупно изградено во 2015 г. | Средна цена на чинење на 1км. | Вкупни трошоци | На изградено | Средна цена на чинење на 1км. | На вкупни трошоци |
| | км. | денари | | км. | денари | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8=5:2 | 9=6:3 | 10=7:4 |
| МЕКИ ПАТИШТА | 153,45 | 207.996 | **31.916.938,00** | 117,10 | 229.442 | **26.867.687,00** | **0,76** | **1,10** | **0,84** |
| РЕКОНСТРУКЦИЈА | 600,56 | 19.178 | **11.517.448** | 435,25 | 33.096 | **14.405.064** | **0,72** | **1,73** | **1,25** |
| ПРОЧИСТУВАЊЕ | 2.170,80 | 15.528 | **33.707.110** | 1.654,30 | 15.233 | **25.199.343** | **0,76** | **0,98** | **0,75** |
| **В К У П Н О :** | **2.924,81** | | **77.141.496** | **2.206,65** | | **66.472.094** | **0,75** | | **0,86** |

### 2. СО ДРУГИ УСЛУГИ

| ВИД НА ШУМСКОКАМИОНСКИ ПАТ | 2014 год. | | | 2015 год. | | | И Н Д Е К С 2015/2014 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно изградено во 2014г. | Средна цена на чинење на 1км. | Вкупни трошоци | Вкупно изградено во 2015 г. | Средна цена на чинење на 1км. | Вкупни трошоци | На изградено | Средна цена на чинење на 1км. | На вкупни трошоци |
| | км. | денари | | км. | денари | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8=5:2 | 9=6:3 | 10=7:4 |
| МЕКИ ПАТИШТА | 0,00 | | | 0,00 | | | | | |
| РЕКОНСТРУКЦИЈА | 0,00 | | | 0,00 | | | | | |
| ПРОЧИСТУВАЊЕ | 0,00 | | | 0,00 | | | | | |
| **В К У П Н О :** | **0,00** | | **0** | **0,00** | | **0** | | | |

## 2.2. Коментар

Планирани и изградени патишта во шума кои се наменети за превоз на шумски производи, се сметаат за шумски патишта и ги користат субјектите кои стопанисуваат со шумите. Остварувањето на планските задачи за изградба, реконструкција и прочистување на патишта во 2015 год. може да се смета за задоволително. Имено, изградени се вкупно 117,10 км меки патишта, што претставува 54,26% од годишниот план, додека со извршеното прочистување на постоечката патна мрежа од 1.654,30 км, годишниот план е натфрлен за 3%. За реализација на остварените плански задачи за изградба на патишта, реконструкција и прочистување на постоечката патна мрежа во 2015 год. потрошени се вкупно 66.472.094,00 ден. со сопствена механизација. **(стр.27)**

Од споредбените податоци за изградба, реконструкција и прочистување на патишта со сопствена механизација може да се констатира дека индексот на вкупно изградени патишта и прочистување на постоечката патна мрежа е 0,75, а индексот на вкупни трошоци е 0,86 во однос на 2014 год. Индексот пак, на средната цена на чинење изнесува 1,10 за изградба на меки патишта, 1,73 за реконструкција и 0,98 за прочистување, што значи дека средната цена на чинење со сопствена механизација е зголемена за 10% за изградба на меки патишта. (стр.28)

Оптималната отвореност на шумите со патишта се утврдува со општиот план и посебните планови. Отвореноста на шумите во просек изнесува 8,80 м/ха. Овој податок укажува дека просечната отвореност на шумите во ЈП "Македонски шуми" е недоволна и отворањето на шумите треба да овозможи рационално користење на сите добра, со цел да се подобрат производните можности на шумата. Планирањето и изградбата на шумските патишта детално се разработени во посебните планови и програми. Координација во планирањето, изградбата, одржувањето на патиштата во функција за стопанисување со шумите, како и стручен надзор за извршените работи, врши субјектот кој стопанисува со шумите. Корисниците на шуми се должни да ги одржуваат шумските патишта и да водат евиденција за нив.

## 3. ПЛАНИРАНА И ИЗВРШЕНА СЕЧА ВО ПРИВАТНИ ШУМИ И МЕЃИ ВО 2015 год.

Табела 8

| Ред.број | ПОДРУЖНИЦА | ОЗНАКА НА ДРВО ВО ШУМА | | | | | | | | | ОЗНАКА НА ДРВО ОД МЕЃИ - м$^3$ - | | | | | Вкупно уплатени средства - ден.- |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ТЕХНИЧКО ДРВО - м$^3$ | | | | ОГРЕВНО ДРВО - м$^3$ | | | | | ТЕХНИЧКО | | ОГРЕВНО | | | |
| | | планирано во 2015 | одобрена дрвна маса во 2015 | реализирана дрвна маса во 2015 | % | планирано во 2015 | одобрена дрвна маса во 2015 | реализирана дрвна маса во 2015 | % | Уплатени средства во ден. | одобрено | реал. | одобрено | реал. | Уплатени средства во ден. | |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15=9+14 |
| 1 | "Малешево"-Берово | 4.785 | 16.762 | 13.797 | 350 | 11.325 | 45.894 | 40.413 | 405 | 18.671.488,00 | 1.179 | 811 | 4.270 | 4.439 | 904.534,00 | 19.576.022,00 |
| 2 | "Равна Река"-Пехчево | 390 | 260 | 205 | 67 | 610 | 582 | 462 | 95 | 250.916,00 | 17 | 11 | 302 | 285 | 52.635,00 | 303.551,00 |
| 3 | "Осогово"-Кр.Пал. | 845 | 61 | 58 | 7 | 9.870 | 20.012 | 17.306 | 203 | 5.981.754,00 | 333 | 287 | 4.519 | 3.494 | 800.580,00 | 6.782.334,00 |
| 4 | "Кратово"-Кратово | 0 | 21 | 21 | | 4.311 | 3.195 | 2.709 | 74 | 958.368,00 | 102 | 111 | 1.063 | 811 | 192.225,00 | 1.150.593,00 |
| 5 | "Осогово"-Кочани | 4 | 59 | 3 | 1.475 | 3.645 | 5.460 | 4.793 | 150 | 1.644.662,00 | 17 | 17 | 3.065 | 2.651 | 508.530,00 | 2.153.192,00 |
| 6 | "Серта"-Штип | 945 | 58 | 38 | 6 | 1.055 | 1.555 | 2.422 | 147 | 480.674,00 | 23 | 23 | 3.471 | 2.735 | 576.510,00 | 1.057.184,00 |
| 7 | "Плачковица"-Рад. | 0 | 305 | 226 | | 5.000 | 12.393 | 11.342 | 248 | 3.784.004,00 | 158 | 31 | 1.827 | 1.057 | 327.525,00 | 4.111.529,00 |
| 8 | "Плачковица"-Виница | 30 | 57 | 75 | 190 | 7.300 | 8.569 | 7.435 | 117 | 2.570.548,00 | 321 | 275 | 823 | 715 | 188.760,00 | 2.759.308,00 |
| 9 | "Беласица"-Струмица | 20 | 60 | 60 | 300 | 1.640 | 1.330 | 1.312 | 81 | 414.220,00 | 904 | 897 | 1.676 | 1.654 | 425.700,00 | 839.920,00 |
| 10 | "Саланџак"-Валанд. | 0 | | | | 0 | | | 0 | | | | | | | 0,00 |
| 11 | "Кожув"-Гевгелија | 0 | | | | 0 | | | 0 | | | | | | | 0,00 |
| 12 | "Демир Капија"- | 0 | | | | 200 | 723 | 577 | 362 | 215.454,00 | 7 | 5 | 1.180 | 1.514 | 195.884,00 | 411.338,00 |
| 13 | "Бор"-Кавадарци | 370 | 88 | 173 | 24 | 1.580 | 719 | 660 | 46 | 240.486,00 | 102 | 54 | 1.550 | 1.639 | 272.580,00 | 513.066,00 |
| 14 | "Црн Бор"-Прилеп | 0 | | | | 2.000 | 2.042 | 1.546 | 102 | 608.516,00 | 219 | 226 | 1.766 | 1.197 | 327.525,00 | 936.041,00 |
| 15 | "Бабуна"-Велес | 60 | | | 0 | 4.350 | 6.598 | 6.176 | 152 | 1.966.204,00 | 83 | 82 | 2.336 | 1.976 | 399.135,00 | 2.365.339,00 |
| 16 | "Шумарство"-Св.Ник. | 0 | | | | 1.539 | 3.557 | 3.051 | 231 | 1.056.987,00 | | | 1.344 | 1.063 | 221.760,00 | 1.278.747,00 |
| 17 | "Кајмак."-Битола | 0 | 2 | 3 | | 1.206 | 27 | 12 | 2 | 8.642,00 | 86 | 79 | 1.701 | 1.946 | 294.859,00 | 303.501,00 |
| 18 | "Бигла"-Демир Хисар | 80 | 180 | 137 | 225 | 5.439 | 7.329 | 9.226 | 135 | 2.237.682,00 | 327 | 284 | 1.405 | 1.022 | 285.780,00 | 2.523.462,00 |
| 19 | "Липа"-Крушево | 0 | 39 | 21 | | 280 | 955 | 1.031 | 341 | 296.212,00 | | | 498 | 402 | 82.170,00 | 378.382,00 |
| 20 | "Преспадрво"-Ресен | 30 | | | 0 | 115 | 418 | 376 | 363 | 124.564,00 | 58 | 58 | 510 | 586 | 93.720,00 | 218.284,00 |
| 21 | "Галичица"-Охрид | 1.000 | 276 | 164 | 28 | 9.000 | 12.777 | 12.708 | 142 | 3.889.794,00 | 45 | 21 | 1.531 | 1.130 | 260.040,00 | 4.149.834,00 |
| 22 | "Јабланица"-Струга | 0 | | | | 7.500 | 24.187 | 19.960 | 322 | 7.456.854,00 | | | 2.633 | 2.387 | 434.445,00 | 7.891.299,00 |
| 23 | "Стогово"-Дебар | 0 | 13 | 13 | | 1.220 | 3.958 | 3.971 | 324 | 1.001.578,00 | 14 | 14 | 391 | 405 | 66.825,00 | 1.068.403,00 |
| 24 | "Лопушник"-Кичево | 120 | 26 | 50 | 22 | 6.320 | 14.853 | 13.622 | 235 | 4.433.942,00 | 771 | 686 | 3.001 | 2.712 | 622.380,00 | 5.056.322,00 |
| 25 | "Сандански"Мак.Бро | 400 | 323 | 110 | 81 | 1.370 | 428 | 839 | 31 | 223.798,00 | 186 | 95 | 2.398 | 2.450 | 426.360,00 | 650.158,00 |
| 26 | "Шар"-Гостивар | 200 | | | 0 | 3.500 | 18.929 | 13.527 | 541 | 5.640.842,00 | 32 | 32 | 5.192 | 5.100 | 861.960,00 | 6.502.802,00 |
| 27 | "Лешница"-Тетово | 300 | 40 | 80 | 13 | 2.780 | 2.878 | 2.390 | 104 | 869.564,00 | 62 | 45 | 3.499 | 2.908 | 587.565,00 | 1.457.129,00 |
| 28 | "Карацица"-Скопје | 0 | | | | 9.900 | 3.200 | 1.944 | 32 | 953.600,00 | 50 | 33 | 2.047 | 1.534 | 346.500,00 | 1.300.100,00 |
| 29 | "Куманово"- | 0 | | 2 | | 7.300 | 12.430 | 10.974 | 170 | 3.704.140,00 | 852 | 627 | 3.396 | 2.672 | 700.920,00 | 4.405.060,00 |
| 30 | "Голак"-Делчево | 1.316 | 1.191 | 1.010 | 91 | 12.007 | 26.150 | 20.069 | 218 | 8.144.936,00 | 140 | 103 | 1.312 | 1.075 | 239.580,00 | 8.384.516,00 |
| | В К У П Н О : | 10.895 | 19.821 | 16.246 | 182 | 122.362 | 241.148 | 210.853 | 197 | 77.830.429,00 | 6.088 | 4.907 | 58.706 | 51.559 | 10.696.987,00 | 88.527.416,00 |
| 30 | Вкупно реализирана дрвна маса од шума и од меѓи во м3 : | | | | | | | | | | | | | технички | огревно | Вкупно |
| | | | | | | | | | | | | | | 21.153,00 | 262.412,00 | 283.565,00 |

Извор на податоци: Сектор за шумарство

## 3.1. Коментар

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите (Сл.Весник на РМ Бр.160 од 31 октомври 2014 год.) во член 92 и 97 стопанисувањето со приватните шуми го вршат сопствениците, а услугите за извршување на стручните работи од областа на шумарството ги вршат Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми ,,Македонски шуми,, и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.

Работите кои се однесуваат на заштита и користење на приватни шуми го вршат самите сопственици. Стопанисувањето со приватните шуми се врши врз основа на донесени посебни планови за стопанисување, програми или критериуми за стопанисување со шумите во приватна сопственост. Посебните планови и програми за стопанисување со шумите во приватна сопственост ги донесуваат сопствениците на шумите, а ги одобрува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Во текот на 2015 год. одобрени се вкупно 325.763 м3, од кои на техничко дрво отпаѓаат 25.909 м3 и на огревно дрво отпаѓаат 299.854 м3.

Од вкупно одобрената дрвна маса во овој период реализирано е 21.153 м3 техничко и 262.412 м3 огревно дрво. Трошоците кои произлегуваат од работата во приватните шуми, согласно важечките законски прописи ги обезбедуваат самите сопственици врз основа на важечкиот Ценовник за ознака и други услуги за шумите, меѓите и осамени дрва во приватна сопственост на ЈП "Македонски шуми" бр.02-2936/4-7 од 27.12.2005 год. Според Ценовникот цените изнесуваат: за одобрување, ознака, жигосување и други услуги во приватни шуми, 252,50 денари за 1м3; за жигосување и издавање испратница за дрво од шумски видови дрвја кои растат на меѓа, 140,00 денари за 1м3. Средствата кои се остварени од ознака на техничко и огревно дрво од шума и ознака на дрва од меѓи во приватна сопственост во 2015 год. изнесуваат 88.527.416,00 денари. **(Табела 8, стр.30)**

# 4. ОДГЛЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ШУМИ

## 4.1. ГОДИШЕН ПРЕГЛЕД НА ИЗДВОЕНИ И ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА ПРОСТА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01 ДО 31.12.2015 год.

Во денари

Табела 9

| Ред.број | Подружница | Салдо 01.01.2015 | Издвоени средства | Вкупно средства | Приходи од проста репродукц. по ситуации | Приходи од проста репродукц. по отпис | Салдо 31.12.2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | "Малешево"-Берово | 26.164.642 | 6.095.002 | 32.259.644 | 2.895.182 | | 29.364.462 |
| 2 | "Равна Река"-Пехчево | 4.831.585 | 3.712.586 | 8.544.171 | 1.748.251 | 1.372.527 | 5.423.393 |
| 3 | "Осогово"- К.Паланка | 4.639.054 | 2.983.425 | 7.622.479 | 4.660.600 | | 2.961.879 |
| 4 | "Кратово" - Кратово | 4.338.412 | 1.856.937 | 6.195.349 | 3.188.338 | | 3.007.011 |
| 5 | "Осогово" - Кочани | 326.360 | 2.673.803 | 3.000.163 | 2.954.324 | | 45.839 |
| 6 | "Серта" - Штип | 1.595.041 | 1.029.629 | 2.624.670 | 303.083 | | 2.321.587 |
| 7 | "Плачковица" - Радовиш | 20.441.154 | 5.505.916 | 25.947.070 | 5.420.451 | | 20.526.620 |
| 8 | "Плачковица" - Виница | 30.808.873 | 3.237.085 | 34.045.958 | 69.115 | | 33.976.843 |
| 9 | "Беласица" - Струмица* | -17.950.716 | 5.846.053 | -12.104.662 | 6.464.313 | | -18.568.975 |
| 10 | "Саланџак" - Валандово | 8.923.742 | 1.757.586 | 10.681.328 | 4.037.000 | | 6.644.328 |
| 11 | "Кожув" - Гевгелија | 1.526.586 | 8.374.027 | 9.900.613 | 7.533.839 | | 2.366.774 |
| 12 | "Демир Капија" ДКапија | 6.211.957 | 3.210.556 | 9.422.513 | 2.832.457 | | 6.590.056 |
| 13 | "Бор" - Кавадарци* | -1.296.268 | 8.962.394 | 7.666.126 | 7.170.234 | | 495.892 |
| 14 | "Црн бор" - Прилеп | 36.170.956 | 5.299.942 | 41.470.898 | 4.240.995 | 4.950.610 | 32.279.293 |
| 15 | "Бабуна" - Велес | 5.963.055 | 5.720.834 | 11.683.889 | 3.368.195 | | 8.315.694 |
| 16 | "Шумарство" - Св.Николе | -857.095 | 288.401 | -568.694 | | | -568.694 |
| 17 | "Кајмакчалан"- Битола | 80.662 | 4.749.156 | 4.829.818 | 4.829.179 | | 639 |
| 18 | "Бигла"- Демир Хисар | 18.251.417 | 7.879.396 | 26.130.812 | 5.717.131 | | 20.413.681 |
| 19 | "Липа"- Крушево | 7.597.376 | 1.858.238 | 9.455.614 | 2.564.213 | | 6.891.401 |
| 20 | "Преспа дрво"- Ресен | 10.509.426 | 3.972.462 | 14.481.888 | 3.239.267 | | 11.242.621 |
| 21 | "Галичица"- Охрид | 28.881.891 | 7.339.895 | 36.221.786 | 838.908 | | 35.382.878 |
| 22 | "Јабланица" -Струга | 13.884.193 | 1.918.119 | 15.802.312 | 0 | 3.767.023 | 12.035.288 |
| 23 | "Стогово" - Дебар | 1.696.792 | 1.291.034 | 2.987.826 | 1.749.000 | | 1.238.826 |
| 24 | "Лопушник" - Кичево | 35.771.457 | 7.431.537 | 43.202.994 | 5.085.343 | 4.860.279 | 33.257.373 |
| 25 | "Сандански"- М.Брод | 1.152.568 | 5.944.172 | 7.096.740 | 4.850.589 | | 2.246.151 |
| 26 | "Шар"- Гостивар | 7.287.175 | 4.596.838 | 11.884.013 | 0 | | 11.884.013 |
| 27 | "Лешница" - Тетово | 1.691.539 | 892.207 | 2.583.746 | 524.848 | | 2.058.898 |
| 28 | "Караџица" - Скопје* | 795.112 | 1.635.900 | 2.431.012 | 0 | | 2.431.012 |
| 29 | "Куманово"- Куманово* | 1.183.323 | 2.203.038 | 3.386.361 | 590.478 | | 2.795.883 |
| 30 | "Голак"- Делчево | 6.450.536 | 1.916.919 | 8.367.455 | 701.642 | | 7.665.813 |
| | Вкупно | | 120.183.088 | 387.253.892 | 87.576.975 | 14.950.439 | 284.726.478 |

Извор на податоци: Одделение за сметководство

Податоците во колоните 2, 3, 4, 5 ,6 и 7 се од Годишната сметка за 2015 год.

*Подружниците кои имаат минусни салда значи дека имаат потрошено повеќе средства преку проста репродукција од издвоените 10% од вредноста на посеченото дрво на шумско камионски пат

## 4.2. ПРЕГЛЕД НА ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА ПРОСТА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ПО ВИД НА ИЗВРШЕНА РАБОТА ВО 2015 год.

Табела 9а

| Ред.број | Вид на извршена работа | Единечна мерка | Количина | Вкупно потрошени средства во денари | Учество во % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Пошумување на голини | ха | 2,00 | 394.200 | 0,45 |
| 2 | Пошумување во шума | ха | 263,90 | 13.510.109 | 15,43 |
| 3 | Потсејување | ха | 96,23 | 1.944.185 | 2,22 |
| 4 | Пополнување | ха | 219,60 | 623.914 | 0,71 |
| 5 | Прореди | ха | 679,86 | 11.391.279 | 13,01 |
| 6 | Нега и чистење | ха | 23,20 | 430.267 | 0,49 |
| 7 | Конверзија | ха | 18,78 | 187.800 | 0,21 |
| 8 | Реконструкција | ха | 20,10 | 216.200 | 0,25 |
| 9 | Санитарна сеча | ха | 8,00 | 251.392 | 0,29 |
| 10 | Гаснење на пожар | ха | 168,70 | 785.844 | 0,90 |
| 11 | Санација на опожарени површини (пошумување) | ха | 6,00 | 6.180 | 0,01 |
| 12 | Санација на опожарени површини (чистење) | ха | 5,00 | 4.035 | 0,00 |
| 13 | Заштита од болести и штетници | ха | 8.065,30 | 1.872.563 | 2,14 |
| 14 | Заштита од пожари | ха | 2.419,70 | 1.166.820 | 1,33 |
| 15 | Заштита од добиток и напасување | ха | 205,00 | 51.250 | 0,06 |
| 16 | Изработка на ППСШ | Бр. | 11,00 | 8.501.006 | 9,71 |
| Вкупно во ха: | | | **3.926,07** | **41.337.045** | 47,20 |
| 17 | Изградба на пат | км | 100,62 | 27.898.199 | 31,86 |
| 18 | Реконструкција на пат | км | 305,45 | 10.942.280 | 12,49 |
| 19 | Чистење на пат | км | 509,05 | 7.399.451 | 8,45 |
| Вкупно : | | | **915,12** | **46.239.930** | 52,80 |
| Вкупно потрошени средства по вид на извршена работа: | | | | **87.576.975** | **100,00** |

Извор на податоци : Сектор за одгледување на шуми, подигање, екологија и лов

## 4.3. ПРЕГЛЕД НА ШУМСКИ ПОЖАРИ ВО 2015 год.

Табела - 96

| Ред.број | Подружница | Број на пожари | Опожарена површина ха | Опожарена дрвна маса м3 | Трошоци за гаснење на пожари (денари) | Вкупна штета од пожари (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | "Малешево"-Берово | 1 | 58,00 | 130,00 | 98.000 | 4.348.000 |
| 2 | "Равна Река"-Пехчево | 2 | 244,50 | 14.110,00 | 179.600 | 910.934.600 |
| 3 | "Осогово"-Кр. Паланка | 11 | 21,35 | 295,00 | 80.738 | 2.402.738 |
| 4 | "Кратово"-Кратово | 1 | 0,40 | 2,00 | 11.855 | 39.855 |
| 5 | "Осогово"-Кочани | 7 | 51,20 | | 80.200 | 980.200 |
| 6 | "Серта"-Штип | 1 | 30,00 | | 22.454 | 22.454 |
| 7 | "Плачковица"-Радовиш | 9 | 34,70 | 3.750,00 | 54.232 | 2.304.232 |
| 8 | "Плачковица" - Виница | 4 | 8,30 | | 11.000 | 11.000 |
| 9 | "Беласица" - Струмица | 1 | 0,50 | | | |
| 10 | "Саланџак"-Валандово | 2 | 7,10 | | 27.000 | 27.000 |
| 11 | "Кожув"-Гевгелија | 3 | 53,00 | 428,00 | 95.200 | 3.091.200 |
| 12 | "Демир Капија" | | | | | |
| 13 | "Бор" - Кавадарци | 7 | 298,50 | | 195.758 | 195.758 |
| 14 | "Црн бор"-Прилеп | 20 | 256,00 | 40,00 | 431.260 | 431.260 |
| 15 | "Бабуна"-Велес | 24 | 2.240,80 | 1.467,00 | | |
| 16 | "Шумарство"-Св.Николе | 2 | 42,00 | | 16.500 | 16.500 |
| 17 | "Кајмакчалан"-Битола | 4 | 52,80 | 470,00 | 95.448 | 15.816.327 |
| 18 | "Бигла" - Д. Хисар | | | | | |
| 19 | "Липа" - Крушево | 8 | 142,20 | | 20.572 | 20.572 |
| 20 | "Преспадрво" - Ресен | 1 | 200,00 | | 95.000 | 95.000 |
| 21 | "Галичица"-Охрид | 7 | 66,00 | | 126.614 | 126.614 |
| 22 | "Јабланица"-Струга | 2 | 18,00 | | 44.942 | 44.942 |
| 23 | "Стогово"-Дебар | 2 | 23,00 | 290,00 | 22.000 | 2.052.000 |
| 24 | "Лопушник"-Кичево | 10 | 145,15 | 1.897,00 | 46.600 | 66.418.100 |
| 25 | "Сандански"-М.Брод | 12 | 591,10 | 72,00 | 313.320 | 211.552.060 |
| 26 | "Шар"-Гостивар | 13 | 17,32 | 599,00 | 76.472 | 432.872 |
| 27 | "Лешница"-Тетово | 4 | 85,80 | 456,00 | 6.000 | 2.742.000 |
| 28 | "Караџица"-Скопје | 18 | 470,80 | 5.453,00 | 76.000 | 2.897.000 |
| 29 | "Куманово"-Куманово | 13 | 555,00 | 1.314,00 | 74.600 | 2.511.296 |
| 30 | "Голак" - Делчево | 5 | 40,80 | 1.721,00 | 103.530 | 52.834.530 |
| | **Вкупно :** | **194** | **5.754,32** | **32.494,00** | **2.404.895** | **1.282.348.110** |

Податоците се од доспеаните статистички листови од Подружниците на ЈП Македонски шуми

**Извор на податоците :**

**Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола**

## 4.4. ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЧУВАРСКАТА СЛУЖБА ВО 2015 год.

Табела 9в

| Ред.број | Подружница | Поднесени кривични пријави | Поднесени прекршочни пријави | Вкупно пријави | Откриени нарушувања од непознат сторител | Одземена дрвна маса - $м^3$ | Проценка на бесправно посечена дрвна маса /$м^3$ | По пријави |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | броја | | | | $м^3$ | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4=2+3 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | "Малешево"-Берово | | 3 | 3 | 3,00 | 3,26 | 1.230,22 | 3,26 |
| 2 | "Равна Река"-Пехчево | | 2 | 2 | 27 | | 62,60 | |
| 3 | "Осогово"-Крива Паланка | 2 | | 2 | | | 82,00 | |
| 4 | "Кратово"-Кратово | | | 0 | 2 | | | |
| 5 | "Осогово"-Кочани | | | 0 | 304 | | 870,39 | 92,28 |
| 6 | "Серта"-Штип | | | 0 | | | 243,23 | |
| 7 | "Плачковица"-Радовиш | | 237 | 237 | | | 835,86 | 75,23 |
| 8 | "Плачковица" - Виница | | | 0 | 9 | 15,05 | 216,82 | |
| 9 | "Беласица" - Струмица | 26 | 244 | 270 | | | 179,30 | |
| 10 | "Саланџак"-Валандово | | 1 | 1 | | 6,65 | | |
| 11 | "Кожув"-Гевгелија | | | 0 | | | | |
| 12 | "Демир Капија" | | | 0 | | | 19,00 | |
| 13 | "Бор" - Кавадарци | 2 | | 2 | | 1,26 | 36,96 | 1,26 |
| 14 | "Црн бор"-Прилеп | | 13 | 13 | 512 | | 5.285,96 | 907,39 |
| 15 | "Бабуна"-Велес | 1 | | 1 | 38 | 79,24 | 1.382,09 | |
| 16 | "Шумарство"-Св.Николе | | | 0 | | | 4,39 | |
| 17 | "Кајмакчалан"-Битола | | | 0 | 115 | | 101,00 | |
| 18 | "Бигла" - Д. Хисар | | 15 | 15 | 319 | 0,20 | 306,26 | |
| 19 | "Липа" - Крушево | | 79 | 79 | | 9,85 | 1.176,83 | |
| 20 | "Преспадрво" - Ресен | 1 | 2 | 3 | 1 | 2,10 | 9,20 | |
| 21 | "Галичица"-Охрид | | 1 | 1 | | | 2,18 | |
| 22 | "Јабланица"-Струга | | | 0 | | | | |
| 23 | "Стогово"-Дебар | | 21 | 21 | | | 6,05 | |
| 24 | "Лопушник"-Кичево | 14 | 70 | 84 | 17.995 | 47,00 | 3.246,77 | |
| 25 | "Сандански"-М.Брод | | 8 | 8 | 90 | 14,00 | 411,49 | |
| 26 | "Шар"-Гостивар | 9 | 5 | 14 | 56 | 225,10 | 2.098,47 | |
| 27 | "Лешница"-Тетово | 1 | | 1 | | 2,80 | 2,80 | |
| 28 | "Караџица"-Скопје | | | 0 | 32 | | 14.242,28 | |
| 29 | "Куманово"-Куманово | | | 0 | 16 | 57,50 | 1.535,20 | |
| 30 | "Голак" - Делчево | | | 0 | 26 | 35,00 | 136,00 | |
| | **Вкупно :** | **56** | **701** | **757** | **19.545** | **499,01** | **33.723,35** | **1.079,42** |

**Извор на податоците : Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола**

## 4.5. ОСТВАРЕНО РАСАДНИЧКО ПРОИЗВОДСТВО ВО 2015 година

Табела 9г

| ДРВЕН ВИД | Возраст | Един. мера | Остварено | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Класично | Контејнер | Вкупно: |
| А. ПРОИЗВОДСТВО НА САДНИЦИ | | | | | |
| Црн бор | 1+0 | бр. | 305.200 | 774.000 | **1.079.200** |
| Бел бор | " | " | 134.200 | 385.000 | **519.200** |
| Аризонски чемпрес | " | " | 165.150 | 480.000 | **645.150** |
| Приморски бор | " | " | | | **0** |
| Дуглазија | " | " | 53.000 | 128.000 | **181.000** |
| Ела | " | " | 10.000 | | **10.000** |
| Смрча | " | " | 46.000 | 151.000 | **197.000** |
| Див костен | " | " | 2.000 | | **2.000** |
| Црн орев | " | " | 2.000 | | **2.000** |
| Бреза | " | " | 300 | | **300** |
| Јудино дрво | " | " | 40 | | **40** |
| Софора | " | " | | | **0** |
| Даб | " | " | 60.000 | | **60.000** |
| Албиција | " | " | 2.000 | | **2.000** |
| Багрем | " | " | 819.400 | | **819.400** |
| Питом костен | " | " | 38.000 | | **38.000** |
| Топола | " | " | 2.000 | | **2.000** |
| разни широколисни | " | " | 5.000 | | **5.000** |
| Јасен | " | " | 118.500 | | **118.500** |
| Јавор | " | " | 40.000 | | **40.000** |
| дива круша | " | " | 500 | | **500** |
| **ВКУПНО : 1+0** | | | **1.803.290** | **1.918.000** | **3.721.290** |
| Црн бор | 2+0 | бр. | 433.215 | 45.000 | **478.215** |
| Бел бор | " | " | 47.670 | 26.000 | **73.670** |
| Аризонски чемпрес | " | " | 85.239 | 151.000 | **236.239** |
| Дуглазија | " | " | 35.400 | 4.000 | **39.400** |
| Ела | " | " | 2.400 | 4.800 | **7.200** |
| Смрча | " | " | 38.200 | 35.000 | **73.200** |
| Кедар | " | " | | | **0** |
| Приморски бор | " | " | | | **0** |
| Албиција | " | " | | | **0** |
| Јавор | " | " | 48.200 | | **48.200** |
| Келереутерија | " | " | | | **0** |
| Каталпа | " | " | | | **0** |
| Даб | " | " | 5.000 | | **5.000** |
| Јасен | " | " | 255.250 | | **255.250** |
| Албиција | " | " | 1.300 | | **1.300** |
| Багрем | " | " | 54.310 | | **54.310** |
| Бреза | " | " | 1.100 | | **1.100** |
| пауловнија | " | " | 3.000 | | **3.000** |
| Топола | " | " | 120 | | **120** |
| разни хортикултурни | " | " | 9.500 | | **9.500** |
| **ВКУПНО : 2+0** | | | **1.019.904** | **265.800** | **1.285.704** |

**Извор на податоци:**
Сектор за одгледување на шумите, подигање, екологија и лов

| ДРВЕН ВИД | Возраст | Един. мера | Остварено | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Класично | Контејнер | Вкупно: |
| Бел бор | 3+0 | " | 36.700 | 90.000 | **126.700** |
| Бел бор | 4+0 | " | 31.300 | | **31.300** |
| Ела | 3+0 | " | 17.800 | | **17.800** |
| Дуглазија | 3+0 | " | 59.300 | | **59.300** |
| Црн бор | 3+0 | " | 13.500 | 21.770 | **35.270** |
| Црн бор | 4+0 | " | 17.740 | | **17.740** |
| Аризонски чемпрес | 3+0 | " | 38.780 | | **38.780** |
| Смрча | 3+0 | " | 18.650 | | **18.650** |
| Каталпа | 3+0 | " | 100 | 3.000 | **3.100** |
| див костен | 3+0 | " | 300 | | **300** |
| Даб | 3+0 | " | 16.750 | | **16.750** |
| Јасен | 3+0 | | 3.100 | | **3.100** |
| келереутерија | 3+0 | | 1.500 | | **1.500** |
| албиција | 3+0 | | 1.000 | | **1.000** |
| јасен | 3+0 | " | 1.700 | | **1.700** |
| **ВКУПНО : 3+0** | | | **258.220** | **114.770** | **372.990** |
| **ДРУГИ САДНИЦИ ОД РАЗНИ ВИДОВИ И ВОЗРАСТ** | | | | | |
| Среб. Смрча | 2+4 | бр. | 250 | | **250** |
| Среб. Смрча | 2+5 | " | 155 | | **155** |
| Албиција | 1+3 | " | 60 | | **60** |
| калереутерија | 1+3 | " | 20 | | **20** |
| Смрча | 3+5 | " | 139 | | **139** |
| Смрча | 2+3 | " | 330 | | **330** |
| Бреза | 2+2 | " | 1.350 | | **1.350** |
| див костен | 2+2 | " | 330 | | **330** |
| олеандер | | " | | 9.000 | **9.000** |
| пауловнија | 1+2 | " | 5.000 | | **5.000** |
| софора | 1+3 | " | 115 | | **115** |
| Аризонски чемпрес | 2+2 | " | 150 | | **150** |
| криптомерија | | " | 600 | | **600** |
| хамаципарис | | " | 340 | | **340** |
| копривка | 1+3 | " | 90 | | **90** |
| разни иглолисни | | " | 600 | | **600** |
| Разни декоративни | | " | 3.600 | | **3.600** |
| **ВКУПНО :** | | | **13.129** | **9.000** | **22.129** |
| **ВКУПНО САДНИЦИ НА НИВО НА ЈП** | | | **3.094.543** | **2.307.570** | **5.402.113** |

## 4.6. ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ОД РАСАДНИЧКО ПРОИЗВОДСТВО (Споредба: 2015/2014 год.)

Табела 8д

| ДЕЈНОСТ | | 2014 год. | | | 2015 год. | | | ИНДЕКС 2015/2014 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Планирано | Остварено | % на исполнување на планот | Планирано | Остварено | % на исполнување на планот | пл. | ос. |
| 1 | | 2 | 3 | 4=(3:2)x100 | 5 | 6 | 7=(6:5)x100 | 8=5:2 | 9=6:3 |
| Расадничко производство | Приходи | 63.014.860,00 | 16.948.467,00 | **26,90** | 74.981.050,00 | 15.091.157,00 | **20,13** | **1,19** | **0,89** |
| | Директни расходи | 41.034.019,00 | 40.289.768,00 | **98,19** | 48.480.258,00 | 35.829.142,00 | **73,90** | **1,18** | **0,89** |
| **Разлика** | | **21.980.841,00** | **-23.341.301,00** | | **26.500.792,00** | **-20.737.985,00** | | | |

Извор на податоци: Годишна сметка на ЈП за 2015 год. за приходите и Образецот со елементи за утврдување на остварената цена на чинење за расходите

# 4.7. Коментар

Активностите во делот на одгледувањето на шумите, се базираат на обврските кои се пропишани со посебните планови за стопанисување со шумите. Со членот 94 од Законот за шуми, регулиран е начинот на издвојување и користење на средствата за проста репродукција на шумите. Средства за проста репродукција на шуми издвојуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 10% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шума. Овие средства се строго наменски и се користат за одгледување и заштита на постојните шуми, за изградба на шумски патишта, за техничко опремување заради вршење на работи за заштита на шумите и изработка на планови за стопанисување со шумите. Од табеларниот преглед на издвоени и потрошени средства за проста репродукција на шумите во 2015 год., се гледа дека сумата на издвоени средства во висина од 120.183.088,00 денари е поголема од потрошените средства по ситуации по вид на извршена работа во износ од 87.576.975,00 денари. (стр.32)

Согласно членот 95 од Законот за шумите за работите на проширена репродукција на шуми средства обезбедуваат: субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 3% од вредноста на исеченото дрво на франко камионски пат, сопствениците на шуми во приватна сопственост во висина од 3% од вредноста на исеченото дрво на франко камионски пат, како и правните субјекти што вршат промет на дрво во висина од 3% од вредноста на продаденото дрво и од Буџетот на РМ. Средствата за проширена репродукција на шумите се уплатуваат во Буџетот на Р.Македонија, а се користат според годишна Програма што ја донесува Владата на Република Македонија. Со оваа програма, согласно Буџетот на РМ за 2015 година (Службен весник на РМакедонија бр.155/2014год.) Раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2-Шумарство, Потпрограма 20-Шумарство, Ставка 485-вложувања и нефинансиски средства, се утврдува изворот и износот на средствата, видот и обемот на работите и мерките кои ќе се финансираат, извршителите на работите, како и начинот на користење на средствата за извршени работи во 2015 година во износ од 8.000.000,00 денари. Средствата од оваа програма ќе се користат за следните работи:

- Превентивна заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници кои можат да загрозат поголеми шумски простори, ќе се врши преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) за шумите во РМакедонија и преку следење на состојбата на шумите на биоиндикаторските точки поставени на 16 километарска мрежа на територијата на РМ. Шумарскиот факултет – Скопје, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ќе достави Извештај за здравсвената состојба на шумите во РМакедонија за 2014 година со предлог мерки и Извештај за здравствената состојба на шумите на биоиндикаторските точки на територијата на РМ за 2014 година.
- Сузбивање на растителни болести и штетници во шуми и шумски култури и на површини во кои е извршена мелиорација на деградирани шуми и шикари, ќе се изврши со авионско третирање за сузбивање на штетникот боров четник во боровите шуми и шумски култури на површина од околу 6.000 ха во повеќе региони во РМакедонија.
- Заштита на костеновите шуми од болести ќе се изврши со соодветно третирање на болеста рак по питомиот костен на Скопска Црна Гора на костеновите популации околу с.Љуботен.

Исплатата на средствата за реализација на работите на оваа програма ќе се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителите на работите и преку јавна набавка.

Во 2015 година ЈП„Македонски шуми„ нема приходи од проширена репродукција на шумите затоа што во 2015 година согласно Програмата за проширена репродукција на шуми (Сл. Весник на РМ бр. 155/2014г.) не се предвидени извршувања во делот на шумскокултурни работи (пошумување на голини и ерозивни земјишта, нега на шумски култури со прореди и отстранување на последиците од шумски пожари).

ЈП "Македонски шуми" од своите расадници го обезбедува најголемиот дел од потребниот шумски саден материјал за реализација на акцијата Ден на дрвото.

Согласно ИЗВАДОК од Нацрт - запиникот од Сто и дванаесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 18.10.2015 година „ТОЧКА 9; усвоени се заклучоци каде се укажува на ЈП „Македонски шуми„-Скопје да обезбеди 3.016.000 садници за утврдените 931,03 ха површина за пошумување на целата територија на Република Македонија.

Се укажува на ЈП„Македонски шуми„ да обезбеди за потребите на Заедницата на единиците на локалната самоуправа 67.287 садници и 1.000 декоративни садници за градот Скопје, 3.000 аризонски чемпрес за патиштата, 7.000 леандри за засадување покрај автопатот Смоквица – Гевгелија, 500 садници за сите полициски станици во Република Македонија и 300 дендродекоративни садници на Здружението „Ден на дрвото„ за промотивна кампања.

***ЦЕЛИ НА АКЦИЈАТА ЗА ПОШУМУВАЊЕ:***

Одржување на заштитните функции на шумите и шумскиот фонд врз животната средина, заштита на водата, почвата и воздухот;

Заштита на луѓето и инфраструктурата од природни непогоди;

Намалување на штетните гасовите во урбаните средини кои придонесуваат за глобалното затоплување и зголемување на капацитетите на врзување на емисијата на CO2 честичките во воздухот.

***Приоритети на локалитети за пошумување со акцијата „Ден на дрвото—засади ја својата иднина„***

- *пошумување на опожарени површини, како последица од шумски пожари, стимулација за одржување на заштитните функции на шумата – санација на еродирани земјишта и шуми и заштита на извориштa и води во шумите;*

*- пошумување покрај природни и вештачки езера со цел проширување , подобрување на квалитетот и заштитата на шумскиот фонд согласно Просторниот план на Република Македонија;*

*- пошумување на површини во непосредна близина на градовите и покрај патишта пошумување на површини (голини) во шума и вон шума кои се во државна сопственост на РМ;*

*- шумски садници за пошумување на површини преку Заедницата на единиците на локална самоуправа ЗЕЛС, Национален парк ,,Маврово,, ;*

*- засадување на декоративни садници на магистралните патишта во РМ;*

*- засадување на дендродекоративни садници на ниво на Град Скопје и Заедницата на единиците на локална самоуправа – ЗЕЛС.*

***РЕАЛИЗАЦИЈА:***

Акцијата за пошумување ,,Ден на дрвото-засади ја својата иднина,, есен 2015 год. се предвиди да се реализира на површина од 923,73 ха со пошумување на 3.011.500 шумски садници.

Приоритети за реализација на акцијата за пошумување се голини, опожарени површини, површини покрај езера во непосредна близина на урбани и рурални средини.

Со завршување на пошумувачките активности предвидени со акцијата за пошумување есен 2015 година, од страна на Државниот инспекторат за шумарство и ловство и ЈП Македонски шуми, извршен е инспекциски увид (изготвени Записници од страна на ДИШЛ и ЈП) за спроведената акција за пошумување "Ден на дрвото - засади ја својата иднина" есен 2015 год.

Од предвидените 923,73 хектари за пошумување на приоритетни локалитети Македонски шуми реализираше 78,5% од предвиденото т.е од приложените Записници изготвени од страна на Државниот инспекторатот за шумарство и ловство, акцијата за пошумување "Ден на дрвото - засади ја својата иднина" во есен 2015 година на територијата на Република Македонија реализирана е на површина од 725,42 ха со засадени 2.235.840 шумски садници. Пошумувањата на локалитетите се реализираа во неколку фази според предвидената динамика, обработка на почвата (механизирана или рачна обработка на почвата, а во зависност од теренските услови).

Во табеларниот приказ презентирани се реализирани активности со акцијата за пошумување ,,Ден на дрвото – засади ја својата иднина,, есен 2015 година

| *Опис на извршени активности* | *бр. на садници* | *ха/км* | *забелешка* |
|---|---|---|---|
| ***Пошумување на голини, опожарени површини, покрај езера*** | 2.235.840 | 725,42 | |
| **Засадување на садници на авто патишта од дрвниот вид Cupressus arizonica а.чемпрес**<br>1.Автопат Хиподром –Скопје – нап.рам. Петровец<br>2. Автопат Хиподром – Скопје–Белви – нап.рам. Романовце<br>**Засадување на садници на авто патишта од дрвниот вид Nerium oleander – леандер**<br>Автопат Смоквица – Гевгелија<br>Општина Дојран<br>дрвен вид Nerium oleander – леандер потег Стар Дојран – Нов Дојран – 3км | 1.070<br>830<br>1.000<br>1.000 | 3,50<br>2,76 | Во точка 1. Извршено засадување со пополнување на садници<br>Во точка 2. Засадување на нови површини со садници |
| **Заедницата на единиците на локалната самоуправа**<br>декоративни садници<br>шумски садници | 5.625<br>51.173 | | |
| **Канцаларија ,,Ден на Дрвото,, промотивна кампања погранични премини** | 450 | | |

Изборот на садници за пошумување е според едавско-орографските и климатските услови карактеристични за РМ.

Пошумувани се шумски садници од следните дрвни видови и тоа:

*четинарски – бел бор, црн бор, а.чемпрес. дуглазија, смрча

*лисјарски – багрем, јасен, јавор, питом костен, даб и други лисјари.

Од табеларниот преглед за произведен саден материјал во 2015 год. може да се констатира дека се произведени вкупно 5.402.113 броја садници од сите возрасти на ниво на ЈП, од кои 3.094.543 броја садници се класично, а 2.307.570 броја се контејнерско производство. ( стр.36,37) Од прегледот пак, за остварените резултати од расадничко производство на ниво на ЈП ,,Македонски шуми,, во 2015 год. може да се констатира негативно финансиско работење во износ од 20.737.985,00 денари, а од реализација на оствареното производство е остварен вкупен приход од 15.091.157,00 денари, што претставува 20,13% од планираниот. Споредбата со 2014 год. покажува дека индексот на остварени приходи и остварени расходи е 0,89.(стр.38)

**Информација за реализација на мерката од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, за инвестиции во озеленување на површини покрај природни езера и магистрални патишта во рурални средини каде корисник е ЈПМакедонски шуми –садници палми**

**1. ИЗВАДОК од Нацрт записникот од Двесте и шестата седница на Владата на Република Македонија одржана на 20.05.2014 година усвои ,,ТОЧКА 60: заклучок 9.**

“Се задолжува ЈП Македонски шуми за реализација на есенската акција Ден на дрвото во 2014 година да набави палми, високи над 5 метри, за да се насадат во Охрид , Струга, Дојран, Гевгелија и Преспа, а доколку има услови и во Скопје“.

,,Согласно задолжението од страна на Владата на Република Македонија, Македонски шуми во планот за набавки за 2014 година ќе предвиди набавка на палми со распишување на меѓународен тендер (член 54

став 2 од Законот за јавни набавки –Сл.Весник на РМ бр.43/14) за 1100 палми (контејнер) од видот Trachycarpus fortunei (влакнеста палма)
Предвидените палми покрај езерата во Охрид, Струга, Дојран и Преспа ќе се засадуваат според предложените локации од страна на општините кој се адаптибилни за физиолошки и физички развиток на овој дрвен вид,,.

**2. ИЗВАДОК од Нацрт записникот од Дваесет и првата седница на Владата на Република Македонија одржана на 13.09.2014 година усвои ,,ТОЧКА 9:, заклучок 1.**

,,Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој да направи дополнителна пренамена на средствата за набавка на 1.100 палми во понатамшен текст измени во Програма за финансиска подршка на рураниот развој,,

Македонски шуми постапи согласно задолжениата од страна на Владата на Република Македонија, набавени се 1.000 броја од дрвниот вид *Trachycarpus fortunei (влакнеста палма)* по спроведена постапка за набавка согласно Законот за јавни набавки.

Врз основа на **ДОГОВОР Бр 03 – 14/175 од 23.06.2015 година за доделување на финасиска поддршка** помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јавното претпријатие,,Македонски шуми,, реализирано е дел од предвидените активноси со засадување на дрвниот вид *Trachycarpus fortunei (влакнеста палма) во вредност од **13.476.706,00 денари.***

*Садниците се дистрибуирани во општините Ресен, Охрид, Струга, Дојран, Гевгелија и Велес.*

**Информација за ,,Инвестициите за зголемување на економската вредност на шумите,, од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година во корист на ЈПМакедонски шуми-Скопје наменета за репродукција – производство на шумски садници според класичен и контејнерски метод.**

Согласно ,,***Програмата за финансиска поддршка на Руралниот Развој ,,мерка 122: инвестиции за зголемување на економската вредност на шумите под мерка репродукција на шумски садници,, од страна на Министерството за***

***земјоделство, шумарство и водостопанство.***

Информацијата за реализација на ,,**Мерката за репродукција на шумски садници,, за 2015 година** е доставена до ПРР од страна на Македонски шуми и е во согласнот со Годишниот Производно-финансов план каде се презентирани предвидените трошоци за производство и репродукција на шумски садници и тоа по двата стандардни метода за производство (класичен и контејнерски).

Врз основа на презентираните параметри за зголемување на економската вредност на шумите под мерка – репродукција на шумски садници, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (**во понатамошен текст:** *давател на финансиска поддршка*) и Јавното претпријатие ,,Македонски шуми,, (*во понатамошен текст: корисник на финансиска поддршка)* склучија ***ДОГОВОР за доделување на финансиска подршка Бр. 03-14/381 од 01.12.2015 година во износ од 18.500.000,00 денари.***

Заштитата на шумите е систем на мерки и активности кои се спроведуваат со цел да се обезбеди опстанок на шумите, зачувување на здравствената состојба и виталност на шумите од противправно присвојување и користење, пожари, растителни болести и штетници, бесправни сечи, противправно собирање на други шумски производи и други оштетувања.

За заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетни инсекти утврдени се средства преку Програмата за проширена репродукција на шумите за 2015 год. Активностите се во насока на превентивна заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници кои можат да загрозат поголеми шумски простори, а тоа ќе се врши преку организирана Извештајно и дијагнозно-прогнозна служба (ИДП служба) и преку следење на состојбата на шумите на биоиндикаторските точки поставени на 16 километарска мрежа на територијата на РМ. Шумарскиот факултет-Катедра за заштита на шумите и дрвото, до МЗШВ треба да достави Извештај за здравствената состојба на шумите во РМакедонија за 2014 година со предлог мерки и Извештај за здавствената состојба на шумите на биоиндикаторските точки на територијата на РМ за 2014 година. За оваа намена се обезбедуваат финансиски средства од МЗШВ преку Програмата за проширена репродукција на шумите за 2015 година.

Од аспект на заштита на шумите, а со оглед на нашите климатски услови, како најголем произлегува проблемот со заштита на шумите од пожари кои како деструктивен елемент се сметаат за елементарна непогода со која на шумскиот фонд му се нанесуваат повеќекратни штети.

Во 2015 година во државните шуми со кои стопанисува ЈП“Македонски шуми” регистрирани се 194 пожари со вкупно опожарена површина од 5.754,32 ха, опожарена дрвна маса од 32.494 м3 и вкупни трошоци за гаснење на пожарите во износ од 2.404.895,00 денари.

Вкупната штета од појавените пожари на ниво на ЈП се проценува дека изнесува 1.282.348.110,00 денари, а податоците се од доспеаните статистички листови од подружниците. Пожари забележани се на подрачјето на подружниците во Велес, Прилеп, Скопје, Куманово, Гостивар, Мак.Брод, Кичево, Пехчево со два шумски пожари каде што се причинети и најголеми штети на шумскиот фонд. ( стр.34) Во гаснењето на пожарите во почетокот на нивната појава, воглавно се вклучуваа вработените при ЈП,,Македонски шуми,, и територијалните ПП-единици. Согледувајќи ја опасноста од појава на шумски пожари се превземаа активности со кои се обезбеди поголема превентива во чувањето на шумите и поорганизирано гаснење на веќе појавените пожари.

По подружници беше испратен налог да ги ажурираат плановите за 2015 година и во нив да го применат член 34, став 2 од Законот за пожарникарство во кој се вели: “Кога во гаснењето на пожари во шума и други отворени простори покрај силите од став (1), на овој член се вклучени и вработените во правното лице, кое стопанисува со опожарените површини, со гаснењето на пожарот раководи одговорно лице согласно со неговиот план за заштита од пожари”. Овој налог во целост е спроведен.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите (Сл.Весник на РМ бр.160 од 31 октомври 2014 година), поради подобрување на мониторингот над шумските пожари, превентива, фактори и причинители, видот и големината на пожарот, учесниците во гаснењето и трошоците за гаснење, предизвиканите штети, во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ќе се воспостави и води Единствен информативен систем и регистар за шумските пожари. Субјектите кои стопанисуваат со шумите се должни да ги собираат податоците за шумските пожари и најдоцна во рок од осум дена од денот на избувнувањето на пожарот за тоа да го известат органот на државната управа надлежен за работите од

областа на шумарството. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството собраните податоци треба да ги достави на домашните и меѓународните тела и институции на нивно барање.

ЈП"Македонски шуми" со својата активност целосно е вклучено во воспоставувањето на Методологијата за мониторинг и процена на веројатност за ризик од шумски пожари, во консултација со домашни и странски експерти, а која се темели на елементи на ризик од шумски пожари и алатки за процена на ризикот. Со посебно софтверско решение изработено по принципите на Методологијата за мониторинг и процена на веројатност за ризик од шумски пожари ќе се утврдува дневната опасност за појава на шумски пожари, како и следење на однесувањето на отпочнатите шумски пожари.

Заштитата на шумите од шумски штети претставува сериозен фактор во зачувување на шумскиот фонд. Бројот на прекршителите, односно сторителите на шумски штети и кражби на дрво во последните години се зголемува, а со тоа на шумскиот фонд му се нанесуваат значителни штети.

Согласно измените и дополнувањата на Законот за шуми објавен во Сл. Весник на РМ бр.160/2014 год., чувањето на шумите ќе се врши двостепено, шумочуварската служба ќе врши реонско чување на шумите, додека шумската полиција ќе врши контролно-патролно чување на шумите. Врз основа на измените на Законот за шуми изготвени се: Предлог правилници и Упатства (подзаконски акти) – Предлог Правилник за вршење на работите на шумочуварската служба и формата и содржината на службената книга за бесправните дејствија и за утврдување на фактичката состојба во шумочуварскиот реон; – Предлог Правилник за изгледот на службена униформа и легитимација за припадниците на шумочуварската служба; – Предлог Правилник за видот и начинот на користење на огнено оружје на шумочуварската служба. Припадниците на шумочуварската служба во шумочуварските реони особено се овластени да: го чуваат реонот од бесправни сечи и шумски кражби, да вршат преглед на сите средства со кои се превезува или пренесува дрво во шумочуварскиот реон и на контролните рампи на шумските патишта, да ги легитимираат сите лица затечени во шума, да известуваат за појавени шумски пожари, растителни болести, шумски штетници и други непогоди во шумочуварскиот реон. За сите бесправни дејствија ги известуваат надлежните органи во правните субјекти за стопанисување со

шумите, а против прекршителите поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган. Припадниците на шумочуварската служба за својата работа водат службена книга за бесправните дејствија и за утврдување на фактичката состојба во реонот.

Од табеларниот преглед за работењето на шумочуварската служба може да се види дека во текот на 2015 година поднесени се вкупно 757 пријави од кои 56 кривични и 701 прекршочни. Исто така откриени се нарушувања од непознат сторител при што е одземена дрвна маса од 499,01 м3. Проценката на бесправно посечената дрвна маса изнесува 33.723,35 м3. **(стр.35)**

Во однос на потребата на пазарна валоризација на сите шумски ресурси и за целосно искористување на сите можности кои ги дава шумата, особено во поглед на искористувањето на другите шумски производи, се наметнува потребата од производство и собирање на лековити и ароматични растенија, со што шумите и шумските подрачја би биле поквалитетно вреднувани. Од продажба на други шумски производи во 2015 год. остварен е приход во износ од 1.198.837,00 денари.

Капацитетот на погонот за хидродестилација во подружницата Ш.С.,,Малешево,, - Берово, според техничко-технолошките можности се движи од 7.000 до 10.000 кгр. етерични масла, во зависност од суровината која се преработува. Во текот на деловната 2015 година погонот Хидродестилара нема остварено приход од продажба на етерично масло од сина смрека.

## 5. Извршени работи за изработка на Посебни планови за стопанисување со шумите во 2015 год.

Секторот за уредување на шуми работи на изготвување на посебни планови за стопанисување со шумите, односно изготвува плански документи во кои се даваат насоки за стопанисување со шумите на одржлив и еколошки принцип.

Секторот за уредување на шуми, ловишта и проектирање самостојно и целосно изработува Посебни планови за стопанисување со шуми и ловишта. Извршителите вршат припрема во канцеларија за несметано извршување на работите на терен, а потоа преку организирање, координирање и учество во извршувањето на работите на терен со давање на упатсва за работа. По прибирањето на податоците од терен се пристапува кон средување и обработка на прибраните податоци и канцелариска изработка на Посебните планови за стопанисување со шуми. Изготвување на компјутерски карти за потребите на ППСШ, учество во расправи на рецензионата комисија, при што се постапува по договорените забелешки.

Секторот за уредување на шуми, ловишта и проектирање во 2015 година ги изврши следните работи за изработка на Посебни планови за стопанисување со шуми и Анекси на Посебни планови: Отпочнати се и завршени теренски активности за прибирање на податоци во 20 шумско стопански единици, изработи и предадени на ревизија во МЗШВ се 16 шумско стопански единици, Посебни планови за стопанисување со шуми со добиено решение се 24, направени се Анекси за измена и дополнување на 24 Посебни планови. Исто така во текот на 2015 година започнати и завршени се канцелариски активности за обработка на податоци за изработка на Посебни ловностопански основи, како и изработка на Анекси за ПЛО.

Поради следење на новите техники и методи од областа на шумарството (уредување на шуми и други специјалности) вработените во Секторот за уредување на шуми, ловишта и проектирање, посетуваат и стручни собири, работилници, симпозиуми во Република Македонија и во странство. **Постигнување на цел:** Со погоре наведеното се очекува да се одржи и зголеми капацитетот и начинот со планирање во стопанисувањето на државните шуми во Република Македонија.

